ОПШТИНА БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бр. 08-278/4 од 14.03.2025 год.

Врз основа на член 27 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), и донесената Програма за измена и дополнување на Програмата на финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024, бр. 09-83/9 од 26.08.2024 год., Градоначалникот на Општина Битола, упатува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за
Нацрт-Детален урбанистички план за четврт запад 9, блок З.09.03,
Општина Битола, плански период 2024-2029

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници од органи на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладини организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат, дека Општина Битола организира јавна презентација и јавна анкета за Нацрт- Детален урбанистички план за четврт запад 9, блок З.09.03, Општина Битола.

Границите на планскиот опфат се следните:

- Североисток - осовина на улица „Димитар Илиевски-Мурато“ (Борис Кидрич)
- Југоисток - осовина на улица „Михајло Андоновски“
- Северозапад - осовина на улица „Васко Карангелевски“
- Југозапад - осовина на планирани улици и пешачки пристапи во Реонски центар

Површината на планскиот опфат изнесува 4,37 ха.

Јавната анкета за **Детален урбанистички план за четврт запад 9, блок З.09.03, Општина Битола, со технички бр.0801-01-09/24 од 02/2025**, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот - во просториите на Општина Битола како и со објавување на планот во системот за е-урбанизам и на службената веб страна на општината. (https://www.bitola.gov.mk/)

**Јавната анкета** ќе трае од 29.03.2025 до 28.04.2025 година, секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да достават писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 16.04.2024 год. (среда) во 10:00 часот, во просториите на Општина Битола (Салата на Советот на Општина Битола).




ОПШТИНА БИТОЛА
Градоначалник:

Тони Коњановски